СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 2127/39
31.03.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 9-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на ден 31.03.2022 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 9-та седница на Советот на Општина Кавадарци.

На седницата присуствуваат 19 советници. Нема отсутни.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот на 8-та Седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на ден 15.03.2022 година.

Дали има забелешки околу Записникот на 8-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот на 8-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека едногласно е усвоен Записникот од 8-та Седница.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

2.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

3.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор;

4.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средстства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (ГФК „Тиквеш„ и ГРК „Тиквеш„) ;

5.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022;

6.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

7.Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.2 на ул„Блажо Алексов„ КО Кавадарци КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

8. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички План за УЕ 14, дел од Блок 14.8 „Трибор„ Општина Кавадарци;

9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

11. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

13.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.11/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

14.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Малв.П.бр.18/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

15.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.8/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

16.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.5/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

17.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.39/20, поведен пред Основен суд Кавадарци;

18.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.10/21, поведен пред Основен суд Кавадарци;

19.Предлог-Одлука за одобрување на Барање за исплата на побарување по основ неисплатени и помалку исплатени надоместоци од плата;

20. Предлог-Одлука за воспоставување на мегуопштинска соработка помегу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

21. Предлог-Одлука за примање донација на материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци ;
22. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови во Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
23. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови во Надзорен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
24.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на стари, неупотребливи предмети во училиштето, донесена од Училишен Одбор на Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;
25.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за отуѓување движни ствари на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
26. Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
27. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ„ Димката А Габерот„ с.Ваташа;
28. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;
29.Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2022 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
30.Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски Плански регион за 2021 година;
31.Извештај за финансиско работење за 2021 година на Центар за развој на Вардарски Плански регион за 2021 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за купување на недвижен имот за реализација на проект регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за..

Констатирам дека е усвоен предлогот за предложениот Дневен ред да се дополни со точка 32

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за отстранување на градба (со незапишани права)

,Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 33

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа : Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред . Го ставам на гласање. Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 34

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за отпис и расходовање на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Констатирам дека едногласно е усвоен предложениот Дневен ред да се дополни со точка 35

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-одлука за примање и давање на движни ствари на ЈОУ Библиотека„ Феткин„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 36

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа : Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Констатирам дека едногласно е усвоено предложената точка да се стави на денешниот Дневен ред

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа : Предлог-Одлука за набавка на основни средства

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Констатирам едногласно дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 38

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред. Молам со гласање. Кој е за. Бидејќи нема никој преминуваме кон разгледување на точка 1 од предложениот Дневен ред.

1.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани медиуми, почитувани граѓани, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Како прва точка на денешниот дневен ред е ребаланс на буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година. Според овој ребаланс значи имаме зголемување за околу 2 000 000 денари, уствари точно 2 000 000 денари на основниот општински буџет. Мојата забелешка во овој дел е тоа што значи со првиот ребаланс што го правиме, правиме намалување на капиталните расходи, иако со овие 2 000 000 се однесуваат на приходи по основ на добиен проект од Министерството за транспорт и врски и според тоа треба да имаме зголемување на капиталните расходи за 2 000 000, ние веќе правиме намалување за 2 700 000 или вкупно ако земиме во предвид дека треба да се зголемат за 2 000 000, реално имаме намалување на капиталните расходи за околу 4 759 000 денари. Јасно ни е дека треба да се зголемат платите и надоместоците, токму заради тоа што се зголемуваат платите на вработените пожарникари, но имаме намалување поради тоа на стоки и услуги за 1 800 000, но сметам дека требало намалувањето да не оди во делот на капиталните расходи, целосно тоа намалување да биде од стоки и услуги,заради тоа што капиталните расходи уште кога го зборевме предлог буџетот кажавме дека се скратени и секое натамошно неостварување на капиталните расходи или намалување со некој ребаланс оди на влошување на квалитетот на самиот буџет. Апсолутната вредност на капиталните расходи за коишто ги намалуваме околу 2 700 000 можеби тоа не е многу како износ, но зошто не би се намалиле од стоки и услуги кога станува збор за ваков мал износ, него веднаш ние со ребаланс чепкаме во капиталните расходи, односно што ќе се случи во иднина, ако не успееме да ги наплатиме или да ги оствариме овие приходи или ако се створат некои непланирани трошоци дали ќе немаме простор да чепкаме, да ги намалуваме стоките и услугите, трошоците во делот на стоки и услуги

него ќе мораме секогаш да се свртуваме на капиталните расходи и друго и во самите програми, во повеќе од програмите има намалување на капиталните расходи и има пренасочување на средствата од капитални расходи во стоки и услуги или во субвенции и трансфери. Тоа се гледа и во капитални трошоци, на Општината се намалуваат капиталните расходи за 3 300 000, подршката за ЛЕР имаме зголемување за 20 000 000, но главното зголемување оди во стоки и услуги, во субвенции и трансфери, тука капиталните расходи ги нема, ама тие се префрлуваат во друга програма, исто така имаме намалување на капиталните расходи и во јавно осветлување, во други комунални услуги, изградба на комерцијални објекти како една покарактеристична и побитна програма, имаме намалување за 29 000 000. Значи тоа е делот од програмите и инаку вкупниот буџет, значи имаме зголемување на вкупниот буџет за 14 800 000, значи има зголемување и на приходи по основ на самофинансирање, донации, тука поголема ставка се дотациите. Тоа се значи вишок на средства што останале од минатата година, се префрлаат сега со овој ребаланс во оваа година 13 300 000, од 14 800 000 зголемувањето што е на буџетот главно сите средства одат Плати, надоместоци, стоки и услуги и тука капиталните расходи имат најмало зголемување, за само 700 000 и друго значи автобусите што ни беа планирани за набавка, значи сега ги кратиме затоа што имаме промена во набавка на автобусите да одат со лизинг, сметам дека и тука можеше да се направи, или треба да се направи некоја комбинација на начин на набавка, заради тоа што ние како што гледаме, значи го имаме и договорот за наплата на комуналии, гледаме да наплатиме се што можеме унапред, а трошоците и инвестициите ги одлагаме на рати за во идниот период. Значи штом наплаќаме унапред треба да гледаме се што можеме да набавиме, да го платиме сега, да не го оставме како обврска во идниот период, затоа што ризикот во идниот период, временскиот период си носи свој ризик.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Советот, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани жители на Општина Кавадарци. Во врска со ребалансот на буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година сакам да го истакнам следното, имено денес е 31 март, а ние го разгледуваме ребалансот за буџетот за 2022 година, кој што беше донесен само 3 месеци претходно. Во нормални услови на стопанисување со едно нормално предвидување на приходната и расходната страна, ребалансот на буџетот би требало да се разгледа некаде на средината на тековната година, меѓутоа во услови за стопанисување и предвидување какви што беа изминативе две години 20 и 21-ва година, прогласени за кризни поради падот на економијата предизвикана од светската пандемија од корона

вирусот, а оваа година ја почнуваме со енормно големиот раст на цените на Светската берза на електрична енергија, на нафтата и другите енергенси предизвикани од војната во Украина. Во такви услови разгледувањето на буџетот е повеќе од неопходно и дури ако треба и после месец, два пак треба да седниме, пак да правиме ребаланс на буџетот . Една од причините за овој ребаланс е и префрлањето на салдата од 21-ва година кои што редно е да се знае, ако има на приходната страна останато средства или ако има обврски на расходната страна да се ребалансират тие срердства и да се распоредат. Од предложениот ребаланс на буџетот на приходната страна се забележува дека даночните приходи и капиталните приходи остануваат исти, а се зголемуваат неданочните приходи и приходите од трансфери и донации. На расходната страна трошоците за плати и надоместоци се зголемуваат и трошоците за услуги се зголемуваат за
7 130 000 денари. Од тука образложението за потребата од ребалансот на буџетот се забележува дека ставката за привремени вработувања се зголемува, а тоа од причина што најголем дел од нив имат добиено согласност од соодветните министерства за нивно ангажирање, а нема одобрено финансиски средства од Републичкиот буџет од Министерството за финансии. Се додека овие лица не бидат превземени од соодветните министерства, се дотогаш нивните бруто плати ќе бидат на трошок на нашата општина. Од овие причини ги замолувам поголемите советнички групи да влијаат на општинските претставници во Републичкиот Парламент и нашата општинска администрација заедно со Градоначалникот да вршат постојан притисок врз ресорните министерства како би можело овој проблем да се реши што побрзо, а во тој случај и расходната страна од нашиот буџет да биде помала. Вредно е да се напомене дека во Програмата Е0 Капитални трошоци на Општината предвидениот износ од 3 000 000 денари за набавка на канцелариски мебел се пренасочува на сметката за набавка на автобуси за превоз на ученици. Јас сум свесен дека канцеларискиот мебел е дотраен и имаме потреба од негово обновување, меѓутоа сепак тоа да го оставиме за некои идни подобри периоди. Исто така сакам да потенцирам дека во вакви кризни услови за работа сите ние, Советот, Градоначалникот и општинската администрација треба да им покажиме на нашите граѓани дека ние можеме да се однесуваме и да работиме домаќински. Во контекст на ова сакам да напоменам дека во минатата недела во една своја изјава Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство наведе неколку општини од нашата држава кои ќе добијат средства за пролетниот мраз од 21-ва година и тие треба да ги распределат на општинските оштетените земјоделци. Во оваа негова изјава Општина Кавадарци не беше воопшто спомната. Јас како советник барам информација од службите што ги

поднесувале барањата од минатата година да дадат информација зошто нашата општина ја нема на списокот на министерот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, служби и граѓани. За отворената дебата сакам само накратко да кажам дека да и јас забележав дека Министерот за земјоделие ја немаше Општина Кавадарци споменато во делот на исплата по однос на мрзњење за 21-ва година. Елаборатот Општина Кавадарци, Општина Росоман и Градско го правеа заеднички, copy-paste еве во делот на теркот, во делот на се, само внесени се другите податоци кои се соодветни за општината , 4 пати го враќат од Министерството за технички, граматички грешки, за запирка, за точка, за пропуштена некоја грешка. Разговарав со министерот и го замолив да увиде во таа работа,за да не трпат земјоделците, без разлика дали се од Кавадарци или од каде и да тоа конечно биде усвоено на Влада да им се исплатат тие средства, а воедно ги известив и пратениците од Општина Кавадарци да се заземат да тој елаборат го поминат во Комисија за штети и бидат обештетени земјоделците за 21-ва година и мислам дека тоа е битна работа и очекувам да го поминат во Влада. По однос на она што го споменавте за капиталните расходи и приходи ние дискутиравме и пред седница, ќе дискутираме и понатаки, знаете дека чекаме согласност од доста министерства, а во меѓувреме само ќе ве информирам дека блок дотации кратки се за пожарникарите 4 000 000 денари на годишно ниво, блок дотации по однос на Дом на културата, библиотека и музејот сме кратки околу 3 000 000 денари, околу вака зборам сега и блок дотации по однос на градинки сме негде над 14-15 000 000 денари кратки во делот на финансирањето кое што треба државата да си го преземе во целост, затоа што е нејзина ингеренција од буџет. Јас сум поборник, а мислам дека и сите зеднички сме на исти страв, како што зборевме дека секој од своја страна да можеме да излобираме да тие согласности иначе побрзо свесни сме дека не може тоа да биде од утре 0, Општината како Општина ќе дава наменски средства, меѓутоа да биде во помал обем да може да си ги завршуваме другите тековни обврски. И во ова што го спомна советникот дека ребалансите можат да бидат и многу почести, само земете една споредба дека Регулаторна Комисија за енергетика на дневна основа почна веќе да ги праве цените на енергенсите, поготово на горивото и на другите, претходно беше на две недели сега е на дневна основа. Така да економијата е непредвидлива, енергенсите се непредвидливи, многу е цената висока и многу вербиции постојат и мислам дека непродуктивните трошкови во целост ќе ги тргниме од набавка за оваа година, како што беше мебелот е изоставен. Во меѓувреме сакам да ве запознаам со по една копија дека Општина Кавадарци заедно со службите ги изготви комплет дописи до

Министерството за одбрана. Тоа се за пожарникарите. До Влада, Министерството за труд и за социјална политика, Министерството за култура, сите имат добиено допис, циркурално во сите три институции, кој по колку блок дотации недостасуваа од делот на ресорните министерства, и побаравме тука да во најбрз можен рок со подребаланс на буџет или предвидувања да си ги предвидат тие средства да си дојдат на ресорните министерства, така да ова е пратено на 29.03. вчера, завчера, пратено е, ако ви треба по една копија можеме да направиме да имате, чисто објективно, само за информација негде тоа се над 20 000 000 денара средства кои што треба на годишно ниво да се сливат во блок дотации наменети во Општина Кавадарци за институциите кои што се од државно и блок дотации. Во капиталните инвестиции имаме ребалансирано, тоа е во однос на намалување на тендери, по однос на имотно правни работи кај што не сме предвиделе да ги направиме експропријациите или сме ги оставиле за догодина. Така да капиталната програма на Општина Кавадарци доколку успеат компаниите да со енергенси се вклопат во цените јас мислам дека над 90% ќе биде остварена во 2022 година.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, граѓани, медиуми. Мислам дека со самото тоа што правиме ребаланс на буџетот волку рано, тука не се слагам со колегата Јован Златевски, мислам дека е пропуст делот на планирањето, бидејќи после 3 месеци од тековната година ние правиме промени во она што е планирано. Тоа значи еден лош пристап на планирање. Тоа е едниот момент, а вториот момент сакам да напоменам во делот на она што беше кажано во однос на јавниот превоз. Мислам дека сме го разговарале и дебатирале тука доста пати во делот на задолжување и на Општината и на Јавните претпријатија и таа тенденција продолжува и понатаму да тече по тој пат и нашата идеа беше да јавниот превоз го обезбедиме од сопствени средства, па дури и да тоа оди на едно фазно, односно етапно ниво, меѓутоа ова е веројатно полесниот начин, ова е начинот кој што ќе остави соодветна последица и во однос на јавните претпријатија и во однос на долговите кои што ќе ги оставиме тука. И третиот момент кој што е надвор од буџетот меѓутоа кој што е поврзан во делот на превозот, тоа е во делот на оние села кои што Горна Бошава, Долна Бошава, тој дел Крњево кај што мислам дека како Општина мораме да најдиме начин итно да им помогниме и да им обезбедиме превоз на тие луѓе, бидејќи јас добив лично од одредени граѓани реакција дека не можат да доаѓаат во град, а имаат потреба, дали во болница, дали било каква потреба за да доаѓаат овде и тоа сериозно мораме да размислиме и да најдиме начин да што е можно побрзо и поитно да го решиме тој проблем.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани медиуми, почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник. Јас сакам да се

надоврзам на дискусијата на колегата Јован Златевски. Значи во тој правец ми беше и мене дискусијата. Мислам дека овој ребаланс е неминовен, бидејќи гледаме реално ситуацијата каква е во државата, имаме инфлација, имаме реално многу големо покачување на цените, енергенсите, се зголемуваат горивата, исто така и струјата и сепак сметам дека овој ребаланс нуди можност каде пак клучните работи се опфатени, односно се зголемуваат платите, односно се оделуваат средства каде што ќе се задржат вработените, нема да дојдат вработените по институциите сега за сега без работа, бидејќи сеуште немаме согласности од Министерството за финансии од Скопје, но исто така ги задржуваме капиталните инвестиции. Како што гледам во делот на капитални инвестиции, делот кај што се намалува односно делот во Љубаш, Цветан Димов, мислам кај новите згради што ги прави Екстра, добро е што тој дел се менува бидејќи таа зграда не е итна, сега може да се изгради во иднина и се додава ставка зголемена за 4 000 000, улица Домовица, таму знаеме дека има многу голема изградба на куќи, Општината очекува голем прилив приход, од таму и добро е што тој дел се додава, бидејќи таму имаше големи реакции од граѓаните, каде што урбанизирано е, постојат значи во урбанистички планови плацеви, имаат одобрение за градба на куќи, но немаше улица и мислам дека добро е што без разлика капиталните инвестиции за мал дел се намалуваат, сепак е задржана таа динамика на големо инвестирање. Во делот на трошоците нели по препорака имаше и од Влада, но без разлика и Општината добро е што ги намалува трошоците за мебел и во тој дел каде што не се потребни, односно каде што може и за идна година. Сметам дека овој ребаланс сега за сега во овој период што е ќе биде доволен, и во иднина без разлика дали нели инфлацијата е домашна или увозна доколку не се задржи или се скроти тој дел значи мислам дека во иднина, во најскоро време би можело да дојде до други потреби на ребалансот на буџетот. Затоа сметам дека јас ќе гласам за и дека овој ребаланс нуди можност за сега за сега за успешно извршување на буџетот.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Јас имам едно прашање до Градоначалникот ако може значи во врска со штетите. Не сме запознати во врска со како е поднесено и што содржи Елаборатот за штети од мрзнење, но бевме запознати и вклучени во носење на одлука тука за Елаборатот за штети од суша. Ми треба информација што е со тој Елаборат, значи какво мислење имаме добиено од Влада и од Министерството за земјоделие, затоа што ние уште кога го пуштивме од тука укажавме дека тој Елаборат има многу недостатоци, недоследности, а го пуштивме се со цел да веќе кога е така завршена работата да не ја кочиме ние како советничка група него да побараме средства од Влада. Сега вие рековте дека Елаборатот има некои грешки, точки, запирки, но грешките уште тогаш не беа во точки, запирки,

значи ние побаравме и список на физички лица да видиме кои донеле, кои поднеле барање, не го добивме тија список, побаравме да видиме и што документ имаат правните лица, исто не добивме таков податок, сепак го пуштивме. Значи имате ли вие точна информација да ни кажете од вашите служби, што информација имаме од Министерството за земјоделие затоа што јас лично имам прашано за тој Елаборат, имам добиено информација дека два пати е враќан и трет пат е вратен Елаборатот и очекуват Елаборатот да биде таков како што треба за да можат да се одобрат тие средства. Колку тоа ќе може да се надокнади сега, а сите ги знаеме пропустите што беа, да не се враќаме пак на таа точка, затоа што штетите беа констатирани после берба на грозје. Тоа беше основната причина како пропуст. Само сакаме да имаме точна информација и за граѓаните и за нас што е, да не излезе Владата е крива, не се интересира за земјоделците во Кавадарци.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Владата не е крива. Владата се интересира за земјоделството во Кавадарци, само уште да дојде, да ги посете и да се видеме со министерот. Во Росоман многу помала општина е, али изгледа поинтересна е, небитно.Ќе дојде сега советникот за животна средина. Нашите ресурси и капацитети во Општината се тие. Ние работиме по терк кој што ние е даден да изработиме Елаборат за суша, ниту имаме аграноми, ниту имаме земјоделци, ниту имаме соодветен кадар. По правило ова треба да го работе Министерството за земјоделие и П.Е., што ги има тука вработено луѓе кои што треба стручно да си ја завршат целата работа. Елаборатот за мрзнење е направен пред вие да станите советник и е пратен и пак ќе потенцирам и ќе кажам дека заедно Општина Кавадарци и Општина Росоман го работеа Елаборатот, истите луѓе, copy-paste. Нивниот нема проблем, вија има проблем. Истиот го имаме и едниот и другиот.Затоа зборам за првиот Елаборат за точки, запирки, за вториот сега ќе дојде советникот да објасне за каде во делот на суша и мислам дека не треба да ги делиме луѓето на вакви и такви по општини, дека треба Министерството за земјоделие тука да биде најобјективно, а и нека дојде нека помогне како да го составиме тија Елаборат, ние стоиме на располагање, да не доедуцира да го направиме тој Елаборат, ова не е секојдневна работа, првпат Општината изготвува такво нешто. Така да е тука , ќе дојде за кратко да потенцира и да каже, а инаку мене ми е жал и на вашите одлуки на Советот што ги носите едногласно со Заклучок, кои што се пуштат до Министерството за земјоделие дека бараме средба со Министерот и на тоа нема одговор. Се сеќавате прошлиот Совет имавме Заклучок дека во рок од 15 дена бараме средба со Министерот по однос на грозјето, кое што беше точка ставена тука, немаме никаков одговор и на таа точка, така да еве може и тија Заклучок има некоја мана што нема

одговор, или некоја грешка, а мислам дека нема, така да сега ургентно писмо уште едно пративме до Министерство каде што захтеваме итно на средба, не мора да биде со Министерот, нека биде со Раководител, со било кој да разговараме за реколтната година во делот на грозјето, на самиот откуп. Мислам дека е време веќе да се разговара и дека времето си одминува, али да го почекаме Зоки да дојде. За минута време ќе биде тука Претседателе , нека каже.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Една минута пауза.

ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ: Вака го вратија по втор пат мислам дека е, има првин технички грешки, обратни,обратни така нешто да сменам некои печатни грешки, после имаше за цените беа, да ги намалам цените пошто на пример орева лушпа јас ставив 300 денара кг. тоа е цена која што ја видов на Пазарен Инспекторат мислам дека беше страната, ми рекоа да ја намалам на 150 денара, многу скапо било, така друго некоја табела да не ставам точки, запирки меѓу милионите, меѓу броевите да не требало точка, ги бунело тоа. Не знам зошто ги бунело тоа стварно не ми е јасно. И тоа го поправив, така да на крајот тоа испаѓа, така да. Сега горе е другиот Елаборат не го, да на орајот беше, ми имаа пишано дека праската 22 денара, јас во Елаборатот ми стоеше дека е 22 денара праската поставена. Они пак ми враќат, треба да биде 22 денара, а во Елаборатот стое 22 денара. За грозјето не, не корегираа ништо. Само за орајот беше и за праската. Росоман е вака беше. Росоман дадија excel табела пратија они и по тоа му одобрија, му дадија пари, а нас. За мраз.А за суши нема повратни информации од таму, од Министерството. Нема повратно ништо. Нема стигнато кај нас. Ако кажат корекција, ќе поправиме корекција нормално, од наша страна ќе биде се завршено.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници, бидејќи никој не бара збор, исцрпен е претресот по оваа точка, ја ставам точката заедно со Амандманите на гласање. Кој е за ребаланс на буџетот. 13 за.Против. 5 против. Со тоа е усвоен Предлог-Одлука за изменување и дополнување на буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година. 2.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Против 5. Усвоена е втората точка.

3.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Барањето за збор нема да го искористам да го коментирам договорот. Сакам да го искоментирам ефектот кој го има оваа градежна експанзија во градот врз здравјето и квалитетот на живот на

граѓаните. Градоначалникот пред месец дена на едно интервју за локална телевизија кажа дека во моментот во изградба се од 1000- 1200 станбени единици во град Кавадарци. Тоа е доказ дека во градот моментално владее градежна експанзија. Што тоа значи за здравјето и квалитетот на живот на граѓаните. На овие места каде што се одвиваат овие градежни активности продуцирањето на бучава е зголемено неколкукратно, исто така продуцирањето на смет градежен и комунален исто така е зголемено за неколку пати. Затоа сакам да апелирам и до службите кои се задолжени, општинските служби значи кои се задолжени за надзор и инспекциски надзор на овие градилишта, да бидат внимателни и да ги регулираат законските прописи за спроведување на градбите. На долги стази зголемувањето на бројот на граѓани на мал простор ќе допринесе и за влошување, односно промени во менталното здравје на граѓаните со што директно ќе влијае на квалитетот на живот, па затоа во последната декада во светски рамки има еден нов израз интердисциплинарен израз неуроурбанизмус, кој што се користи од страна на медицинари, архитекти и социолози кои што директно го испитуваат влијанието врз менталното здравје на ваквите градежни експанзии. Како здравствен работник ме плаши фактот дека за една декада од сега кога уште повеќе ќе се изгради градот дека ќе има сигурно последици кон квалитетот на живот на граѓаните.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Ваквата експанзија е од големо значење за економскиот развој на нашата општина. За приходите во Општината што произлегуваат отпосле со персонален данок што влева, данок од добивка што ќе плаќат фирмите, дел од тоа иде ДДВ. Ова е голема инвестиција и од регионално значење за нашата општина и дај боже да имаме такви изградби и во иднина, меѓутоа тука се слагам со колегата советник пред мене што зборуваше дека ние треба да се носиме со тоа и да превземиме наредни чекори во делот на загадување, во делот на еколошката средина, заштита на еколошката средина, во тоа се слагам дека треба да се носиме заедно со тоа, не сум да ги прекиниме или да ги намалиме градежните операции.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака морам да апелирам во однос на оваа точка и ова е доста сензитивна работа и е доста сензитивен процес кој што се случува во Општина Кавадарци, а тоа е еден процес на сериозна градежна експанзија посебно во делот на станбените згради. На нас не ни се случува процес на урбанизација на Кавадарци, туку процес на бетонизација на Кавадарци. Кавадарци ризикува да стане општина како одредени скопски општини каде што имаат сериозни проблеми во однос на ова прашање, во однос на оваа тема. Тука е и колегата мој, Павле ги спомна здравствените аспекти и во делот на загадувањето и во делот на останатите реперкусии

кои што ги носи овој процес и Кавадарци е на еден добар пат да стане таква општина односно таков град. Мене ми е навистина жал што ние како Општина наместо здравјето на граѓаните и сите граѓани, да го штитиме здравјето на граѓаните и сите граѓани, ние ги штитиме интересите на крупниот капитал и мислам дека од тој аспект, добро и Градоначалникот ни доаѓа од тој сектор, можеби за него тоа е во ред, меѓутоа јас апсолутоно не се слагам со ваквиот начин на развој на градот. Животот не е само дигитрон, животот не е само комуналии, животот не е само данок на добивка, туку животот е да им овозможиме на граѓаните да имаат соодветни услови за еден нормален и пристоен живот во Општина Кавадарци и со едно такво работење можеме да го спомниме на пример Градскиот парк со кој што белите дробови на градот со таквото градење во тој дел се на некој начин затворени, значи Општината треба да инвестира повише и во паркови, да инвестира повише и во други работи наместо, со цел да развојот на градот ни биде компетентен, со цел да развојот на градот ни биде како да кажам избалансиран.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Сакам да кажам со претходниот колега во тој дел дека се врши бетонизација на градот не се согласувам, бидејќи сметам дека се врши урбанизација и во тој дел на зеленилото, доколку го почитуваме Законот за урбано зеленило каде што се вика дека од парцелата треба да биде 20% зеленило, ние не само што го правиме тука, туку зеленилото е зголемено скоро за 100%. Се гледа од податокот на ЈКП Комуналец каде што јас работам интензивното и екстензивното зеленило во 2018 било 60 000 м2, додека сега е 110 000 м2. Тоа е за малку 100 %. Значи зеленилото се зголемува. Исто во делот во контекстот за изградба на згради, не е работата за приход на Општината за комуналии. Мислам дека со изградбата на згради се ангажираат најчесто домашни фирми, домашни претпријатија каде што работат домашни граѓани и економијата, односно таа економија воКавадарци значи се зголемува во сите тие 36, 37 гранки колку што градежништвото е развиено, односно железна индустрија, цементари, тој дел и сметам дека доколку зеленилото исто преовладува дури и повеќе од Закон за урбано зеленило, а има и згради по овој процент сега што го кажав од 60 000 на 110 000 м2 е зголемено, сметам дека градот се движи во добра насока за зеленилото и ги исполнува сите стандарди, европски и светски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели реплика Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега како што спомнав животот не е дигитрон и животот не е комуналии, данок на добивка и слично.Во дел на зеленило спомна некој податок, јас во урбаните места не гледам зеленило, јас гледам помалце зеленило. Јас не знам од каде ви се тие податоци, меѓутоа во градот јас не. Така е, значи можеме, ги имаме, имаме

фотографии и од претходно како изгледал градот претходно и како изгледа сега.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи вака бидејќи во редот во контекстот на меѓусебни препукувања се сведува на индивидуален пристап на нештата. Колегата бидејќи работе во ЈП бројките се на јавен увид, може секој да ги виде дали е така или не е така. Ве молам дали друг бара збор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Интересна дискусија и се сведува пак на тоа кој како гледа и тука нема лудба, ја така гледам, како тој што го испратил да го искара детето, он го утепал, бато вика така кара. Значи зеленилото , не се тоа лажирани бројки, тоа не се бројки, имаме Зелен Катастер, секое дрво, грмушка и зеленило во Кавадарци е попишано. Од 60 000 ефективно зеленило кога дојдовме пред 4 години сега е на 110, 120 подигнато, нов парк Ќиро Крстев е изграден, комплетно паркот Љупчо Шкартов е ревитализиран, комплетно со нови травници, зеленило, наводнување, се, 12 Другари излетничко место напуштено,гнасно беше да го гледаш, уредено е, уредени се 280 лимени гаражи, тргнати од урбаната средина пред згради кои што беа, кои што беа на паркинзи, кои што беа, на местото на тие гаражи направено паркинзи и направено е зеленило. Во делот на хигиената и зеленилото ни завидува цела Македонија, како вие не го гледате тоа не знам, али ќе треба една ден да се прошетаме надвор од Македонија , да се вратиме, надвор од Кавадарци, да се врати пак за да видиме кај се наоѓаме и на кое ниво сме. Сакам да потенцирам и да кажам дека да, поборник сум за развој на градот, поборник сум за развој на економијата, со 4% невработеност Кавадарци е број 1 град љубомората ако постое, дека не бива и сме поуспешни за градење и тоа е легитимно да љубомориш, меѓутоа да не биде злобно. Во делот на носењето на урбанистичките планови гарантирам сите планови што се донесени урбанистички се објективни и се донесени по најстрогите критериуми кои што ги имат министерствата, односно Министерството за транспорт со одобрување, тука е Министерството за екологија, Министерството за животно планирање, Агенцијата за просторно планирање, ниеден план не е донесен на локално ниво, така да и во висина и во должина и у како треба да изгледа, сите планови се запазени. А во Генералниот План, минималното зеленило на една општина треба да биде 22, 23%, 25 Општина Кавадарци е со 29, меѓу општините што го надминуват просекот на делот на зеленило, а по делот на дрвја, по делот на дрвја, во делот на градски урбани средини се број 1. Отиди во друг град види колку, дали има вака дрвја насадено секаде. Не е тоа моја само заслуга, тие дрвја се постари и од мене и сега буквално ако ти не се сеќаш пред 4 години како беше Кавадарци, има слика ќе го,изгледај, напрајте една документарна емисија, пратете му ја, пуштете му

да ја виде, абе од Скопје дојдија сите да се снимат тука со нас, да се сликат по однос на тоа.Да. Е така. Сечење на мртви дрвја и ставање на нови дрвја кои ќе пораснат. Ај сега да се докажам, па ти после зборуј си. И во делот на тоа што значи урбано дрво има критериуми какви дрвја треба да бидат засадени. Во моментот Општина Кавадарци има дрвја кои што не треба да бидат во урбана средина. Еве од докторски аспект ми зборувате, значи имаме липи и други дрвја кои што многу луѓе се алергични на нив и имат проблем со алергија, така ние садиме правилни дрвја, садиме тоа што треба, имаме комисија. За првпат Општина Кавадарци има Комисија за дрва, за поткастрење на дрва, за сечење на дрва. Ниедно дрво не е пресечено без таа Комисија и без тие одобрување, а напротив и тоа ќе ти го споменам Општина Кавадарци надвор од урбаната средина има засадено некаде околу 140 000 дрвца, а за ваа година планот видете го е 70 000 дрвја заедно со ЈП Македонски Шуми и ДММ и други компании да ги засадиме надвор од урбана средина, така да активностите комплетно ги имаме и во урбаната средина и надвор од урбаната средина, а и мислам граѓаните се најкомпетентни тука да кажат во каква средина живеат сега и во каква средина живееле претходно. Така да само податокот дека 280 гаражи се тргнати говоре како факт дека тие лимени гаражи или лесонитни или било какви беа штетни за граѓаните, сега тоа е претворено во зеленило. Урбаните работи и градежната експанзија е многу битна за еден град, проверете во делот на економијата колку ќе учествува градежниот сектор, проверете, видете колку луѓе се вработени таму. Значи без градежништво и без градежен сектор ние немаме ништо. Тоа е и став на државата дека треба да имаме градежна експанзија за да имаме реализација. Во делот на излетничките места, затоа направивме патека до Моклиште, сега имаме предвидено патека до Марена, патека до Љубаш така да имаме комплетно градско корито уредено, кај што можат луѓето да рекреират и да уживаат во слободното време. И уште не е доволно и ќе се гради и ќе се праве и трето ќе спомнам и колекторскиот систем веројатно не го памтиш беше до самата болница и цела смрџава и фекалии беа во самата болница кај што ги лечевме луѓето, сега е завршен колекторот до крај на граница. Така да мислам дека не треба таа работа да ја занемариме, ниту работењето да го деградираме на ЈП, ниту да го деградираме работењето на службите од Општина Кавадарци, а уште еден податок со мојот мандат јавно-прометната површина за зеленило и озеленување Општина Кавадарци буџетот е 16 000 000 денара. Претходно беше буџетот 2 000 000 денара, така да тија буџет што го даваме на ЈП, го даваме 6, 7 пати повеќе односно над 8 за да се реализира зеленилото и они го реализират комплетно во делот на урбаната средина. Прошетајте малку, видете го. Видете го Задругар, Љубаш, Клинска, Калница и периферискиот,

Сопот, Марена, Глишиќ, Дреново, прошетајте ги, видете ги урбаните средини дека во делот на зеленилото нема забелешки, јас мислев нешто друго ќе нападните, а ќе ви кажам за наредниот Совет кај ми е слабоста, тука не е.Тука сме јаки.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалникот спомна за документарна емисија, еве предлог за документарна емисија за сечата на урбаните дрва на улица Илинденска. Тоа е добар пример. Втора работа спомна голем број на проекти и добро е што ги спомнува бидејќи постојано потенцира дека бил саботиран, дека бил незнам, дека немал соработка со Влада, меѓутоа сите тие проекти, колекторскиот систем го памтам, у соработка со Министерството за екологија беше така, со животна средина. Е така. Ок, беше ли во соработка, беше. Добро. Моментот на развој на градот, значи ние не предлагаме да градежните фирми ги затвориме и да тие прекинат да работат. Ние предлагаме нормален развој на градот. Ова што се случува сега со една сериозна градежна експанзија, која што сметам дека е несоодветна за правилен развој на градот. Толку беше муабетот во мојата дискусија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Почитувани бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Воздржан 1 и 5 против.

4.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средстства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (ГФК „Тиквеш„ и ГРК „Тиквеш„) ;

Отварам претрес по оваа точка. Кој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Извинете. 18 за, 1 воздржан.

5.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 12. Против 6..Во ред.

6.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Ја ставам на гласање истата. Едногласно усвоена.

7.Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.2 на ул„Блажо Алексов„ КО Кавадарци КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи вчера на Комисија за урбанизам беше дискусијата за донесување на овој ДУП и досега и Градоначалникот знае и вие знаете дека Левица како партија во Кавадарци, иако не смета дека досега сите досегашни ДУП-ви што беа ставени на гласање се конструктивно решение, ги подржа, со самото тоа го подржува и економскиот и градежниот развој на градот, но во насока на овој ДУП ние би дале акцент на тоа што решавањето на статусот на бесправно изградените објекти од страна на маргинализираната група на граѓани овде, не е единствено решение да се дислоцираат тие бесправно изградени објекти, туку да се изгради комерцијална зграда или за социјалната зграда ние прашавме дали станува збор за нова социјална или комерцијална зграда, нема конкретен одговор од службите и ние веруваме дека со новите згради кои што се изградија на улица Блажо Алексов и згуснувањето на населението овде, дека има потреба од дополнување на, нели со зелени површини во овој предел на градот. И на Кавадарци не му треба едно Дебар Маал сценарио, јас мислам едно здраво ширење на градот према периферијата и према моментално неатрактивните локации на градот, а не покрај река и на места кои што навистина во последните неколку години има преголема експанзија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13. Кој е воздржан.5. Против 1.

8. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички План за УЕ 14, дел од Блок 14.8 „Трибор„ Општина Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.. Едногласно усвоена.

9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.Едногласно.

11. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бра збор истата ја ставам на гласање.Едногласно.

12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Значи сите една по една мораме да ги гласаме, а инаку Кој е за. Едногласно.

13.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.11/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

ВПП бр. 22. Кој е за. Едногласно.

14.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Малв.П.бр.18/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Бр. 18/22.Едногласно.

15.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.8/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Бр.8/22. Едногласно

16.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.5/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Бр. 5/22. Едногласно

17.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.39/20, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Бр. 39/20. . Едногласно

18.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.10/21, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Бр 10/21. . Едногласно

19.Предлог-Одлука за одобрување на Барање за исплата на побарување по основ неисплатени и помалку исплатени надоместоци од плата;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

20. Предлог-Одлука за воспоставување на мегуопштинска соработка помегу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

Отварам претрес по оваа точка. Ја ставам на гласање.

21. Предлог-Одлука за примање донација на материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно.

22. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови во Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци; Повели Претседателе.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги. На Комисијата за мандатни прашања и именување за членови на Управниот Одбор на "ПАРКИНЗИ" се предложени: Раде Атанасов, Васко Керов, Јулијана Гркова, Стефан Стефанов и Митко Сакалиев.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за.Точката ја ставам на гласање.Едногласно усвоена. Ајде и за Надзорен.

23. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови во Надзорен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови на Надзорен Одбор се предложени: Даниела Мукаетова, Перо Попов, Емилија Шкартова-Плетварска, Анета Тодорова и Снежана Најдов.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Едногласно усвоена .
24.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на стари, неупотребливи предмети во училиштето, донесена од Училишен Одбор на Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Ја ставам точката на гласање. Кој е за. Забелешка повели. Како Заклучок нека влезе ајде.Заклучок мислам забелешка за точката.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Да предлагам да има заклучок овие движни ствари кои се однесуваат на делот на компјутерска опрема да му бидат донирани на Здружението Донирај компјутер, кои што ќе можат да си најдат и втора употреба на оние семејства кои што нели ќе може да му се донират и не само за оваа точка, него и за сите други кај што има отпис на оваква опрема да му биде донирано . Јас го контактирав и тој се сложи, значи без негова согласност не би сакал да.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Вчера на Комисија ни беше кажано дека се работе за компјутери од поодминати години, 2003, 04 година и веќе биле понудени на Донирај компјутер, но неможело ништо да се направе.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Сметам дека доколку он одлуче да не ги земе да се постапе по тоа, они да си проверат .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ја ставам точката на гласање со забелешката , Со Заклучокот. Едногласно.
25.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за отуѓување движни ствари на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
Истата точка ја ставам на гласање.
26. Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
Кој е за.

27. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ„ Димката А Габерот„ с.Ваташа;
Кој е за.
28. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;
Кој е за.
29.Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2022 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
Кој е за. 12 за и 7 воздржани.
30.Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Вардарски Плански регион за 2021 година;
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара, истата ја ставам на гласање.
31.Извештај за финансиско работење за 2021 година на Центар за развој на Вардарски Плански регион за 2021 година;
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. 1 против и 18 за.
Дополнителни точки.

32.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за купување на недвижен имот за реализација на проект регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Во однос на Предлог-Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за купување на недвижен имот за реализација на проект регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство. Во однос на оваа точка имам прашање до Градоначалникот Нема ли Општина Кавадарци државно земјиште, кое би се искористило за изградба на Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство. Второ зошто не е објавен јавен повик за оваа потреба и како баш овој недвижен имот е избран дека одговара за оваа намена, воедно станува збор за површина од 5476 м2.

ГРАДОНАЧАЛНИК: По однос на прашањето Сектор за урбанизам и градежниот сектор кај нас беше задолжен да определе локации кои што ќе бидат соодветни за градењето на тој Регионален Центар на земјоделско земјиште. Ние како Општина не стопанисуваме со земјоделското земјиште и немаме право да бараме земјоделско земјиште на трајно користење како Општина. Тоа можеме да го правиме само во градежен реон, меѓутоа што специфичен е проектот, станува збор за стационар за бездомни кучиња, за кучиња кои што ќе бидат третирани и згрижување на самите кучиња мораше да биде надвор од

градот и требеше да исполнат 4 предуслови кои што ги бара Швајцарската Агенција за финансирање, да биде блиску до градот, да има вода, да има и струја до самата локација и асфалт, меѓутоа ние побаравме локации заедно со службите, се најдоа 3 локации, кои што се соодветни според површина и димензии, значи требаше да биде минимална димензија 50 на 100 метри. Ова претходно што го спомнавме критериуми од трите локации, едната локација не ја отуѓуваат луѓето, другата локација нема вода која што сакавме да биде накај депонијата Мелци и оваа локација испадна најсоодветна. Само за информација тука треба, доколку го реализираме проектот јас би се ограничил на самата одлука доколу ја донесете како одлука за купување на тоа градежно земјиште да стое еден Заклучок, да не го купиме ние градежното земјиште и да не направиме договор со сопственикот се додека не ни го одобре Плански Вардарски Регион проектот, оти ќе ни биде узалуд купувањето. Станува збор за лозов насад, прилично лозов насад од 7000 квадрати, односно 7 декара. Сами знаете колку, 5400 декара, добро 5500 квадрати, 5500 декари со сорта молдавија, која што човекот и не беше многу желен, меѓутоа е од причини објективни и од делот на јавниот интерес кажа дека ќе го отстапе земјиштето по симболична цена од 1,5 евро по метро квадратно, или тоа доаѓа некојси 8000 евра вкупно, а пак да не заборавиме дека тоа е лозов насад кој што е во добра кондиција и кошта многу повеќе по пазарна реална вредност доколку го процениме како земјиште, значи станува збор за симболична цена, не верувам дека некој друг можеби и некој друг би го направил истото, меѓутоа требеше да ги исполне критериумите кои што ги бара Плански Варадарски Регион односно Швајцарска Агенција за финансирање.Цената не е за мене цена, него е утврдена бројка, за да може да си ја направе реализацијата на купувањето на тоа земјиште. По купувањето на земјиштето ние ќе аплицираме во Министерството за земјоделие за поставување на тој проект таму и се обврзуваме како Општина. Доколку не го добиеме проектот, да не го купуваме истото земјиште, ги добивте материјалите каде што лично ние како Општина разговаравме со 3 семејства каде што се потпишани и кажаа дека не го продаваат местото, не се заинтересирани, овој е единствен што одговараше локацијата и кој што ја прифати нашата соработка на некој начин од јавен интерес и општествена одговорност. Така да нема никаква тенденција во дел на тоа дали да биде од овој или било кој, не станува збор за некој да профитира, напротив дури и претрпува некаква штета, али пак ќе кажам

од општествена одговорност човекот ја прифати таа работа да се изграде тој стационар во Општина Кавадарци. И сами знаете колку наидуваме со проблеми од самите кучиња, колку бездомници има во делот на кучињата, колку проблеми имаме, колку каснувања имаме годишно и добро е што ете преку Плански Вардарски 19 000 000 денара ќе се обезбедат за изградба на таков стационар. Таму нема да бидеме само класичен стационар, ќе биде цел центар за кастрирање, чипирање, ветеринарна услуга, згрижување и вдомување на животните, кај што ќе имаме повеќе од 15-20 вработувања од соодветна стручна фела во делот на тој стационар и ќе биде од регионално значење за цел Плански Вардарски Регион.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали друг бара збор.Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Со Заклучокот.Го има Заклучокот. Внесен е.Во ред е.Значи точката ја ставам на гласање. 13 за и 5 против, воздржани добро.

,33.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Значи тоа е заедно со Амандманот што ви се достави пред малце. Дали некој бара збор. Советниче Амандманите ги добивте пред седница. Тоа Амандманот е за значи Амандман Предлог за изменување и дополнување во областа на градежното земјиште на подрачјето во Општина Кавадарци 2022 година, пред се за К.О. Гарниково за изградба на фотоволтаици. Тоа се 5 парцели, така да Амандманот ви е доставен на сите. 6 да, се извинувам. Ја ставам точката на гласање. Кој е за.17 за, 1 воздржан.

34.Предлог-Одлука за давање согласност за отстранување на градба (со незапишани права)

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.За котларата, за Младински што е.Отварам претрес по оваа точка. Едногласно усвоена.

35.Предлог-Одлука за отпис и расходовање на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Едногласно усвоена.

36.Предлог-одлука за примање и давање на движни ствари на ЈОУ Библиотека,, ФЕТКИН Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Нема збор. Кој е за.

37.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.

38.Предлог-Одлука за давање на набавка на инвалидски колички.

Отварам претрес по оваа точка.Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.Едногласно усвоена.

Почитувани советници со тоа е исцрпен Дневенот денешен ред и седницата ја прогласувам за затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов